ПРИЛОГ III.1:
ПРИНЦИПИ НА НАПЛАТА

1. Елементите за наплата наведени во Прилог III.2 (Надоместоци) содржат надоместоци кои не зависат од Сообраќај и надоместоци кои зависат од Сообраќај.

а) Надоместоци кои не зависат од Сообраќај

I) Еднократен надомест;
II) Месечен надомест.

б) Надоместоци кои зависат од Сообраќај:

I) Тарифа За Користење;
II) Надомест По Повик.

2. „Еднократен Надомест" значи надомест кој Страната Барател треба да му го плати на Давателот На Услуги со првата употреба на дадената Услуга.

3. „Месечен Надомест" значи надомест кој Страната Барател треба да му го плаќа редовно, на месечна основа, на Давателот На Услуги за користење на дадената Услуга, без оглед на фактичкото користење.

4. Надоместот За Сообраќај значи надомест кој Страната Барател треба да му го плати на Давателот На Услуги за Услугите За Сообраќај кои ги користел во дадениот месец, врз основа на:

а) множење на релевантната Тарифа За Користење со Времетраењето На Повикот зачуван во записите за повици; или

б) множење на релевантниот Надомест По Повик со бројот на Повици.

5. Тарифите За Користење (надоместоци по минута) на Основните Услуги За Сообраќај на Страните ќе бидат исти.

6. Еднократните Надоместоци, Месечните Надоместоци и Тарифите За Користење важат од првиот ден во месецот по 30 (триесетиот) ден откако Страните ќе се договорат за промените.

7. Надоместоците наведени во Прилог III.2 (Надоместоци) се без ДДВ. Сепак, во однос на обврските за плаќање, ДДВ претставува составен дел од надоместоците кои се наплаќаат.

8. По откажувањето (раскинувањето) на Услугата или по раскинување на Договорот За Пристап На Мрежа, Давателот На Услуги не е обврзан да и го рефундира Еднократниот Надомест на Страната Барател.